**Соопштение за ТРЕТАТА (август/септемвриска) испитна сесија во учебната 2023/2024 година за студентите од ВТОР циклус студии**

се известуваат студентите на ВТОР ЦИКЛУС студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, дека ТРЕТАТА (август/септемвриска) сесија во учебната 2023/2024 година ќе се одвива во периодот од:

**22 август 2024 –25 септември 2024**

- 28.08.2024 г. (среда) е неработен ден, Успение на пресвета Богородица (православна вероисповест)
- 09.09.2024 г. (понеделник) е неработен ден, 8 септември, Ден на независноста
- 16.09.2024 г. (понеделник) е неработен ден, Прв ден на Јом Кипур (еврејска заедница)

Термините за полагање на испитите, се дефинираат во договор со предметните професори.

Студентите во третата испитна сесија, можат да полагаат предмети слушани во зимскиот и во летниот семестар во уч.2023/2024 година (семестрите административно, треба да им се уредно запишани и заверени).

**НАПОМЕНА 1 -** начин на пријавување на испитите

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЕЛЕКТРОНСКОТО ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ** ВО **ВТОРАТА ИСПИТНА СЕСИЈА** ВО УЧ.2023/2024 ГОДИНА, ВО I-KNOW СИСТЕМОТ, ЌЕ СЕ ОДВИВА ОД:

**08.07.2024 од 21.08.2024**

ПРАВО НА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЌЕ ИМААТ САМО ОНИЕ СТУДЕНТИ КОИ **УРЕДНО ЌЕ ГО ПРИЈАВАТ ИСПИТОТ И КОИ УРЕДНО ГИ ИМААТ ИСПОЛНЕТО ОБВРСКИТЕ ЗА ПРЕДМЕТОТ (потписи во индекс и во i-know системот)**

| Што значи уредно пријавен испит? |
| --- |
| 1. Студентот задолжително треба да го пријави испитот електронски , преку својот профил во iknow системот. (кратко упатство, подоле)<br>2. Студентот покрај задолжителното електронско пријавување на испитот, на денот на полагање на испитот треба да носи со себе индекс и пријава за испит (хартија). |

**НАПОМЕНА 1**

Запишувањето на зимскиот семестар во уч. 2024/2025 година и заверката на летниот семестар од уч.2023/2024 г., ќе се одвива во периодот од **16.09.2024 до 30.09.2024 г.** Соопштението за организацијата ќе биде дополнително објавено.

**ПОДРШКА и комуникација со студентите**

Доколку имате недоследности поврзани со податоците во вашето електронско досие (предмети, испити и сл.) пратете електронска порака со опис на проблемот, број на индекс, на одговорните во Одделението за студентски прашања на следниве електронски адреси:

-keti@pmf.ukim.mk Раководител на Одделението за студентски прашања

За технички проблеми (заборавена лозинка, промена на електронска адреса и сл.), пратете порака, во која задолжително да се напише опис на проблемот, име и презиме на студент и електронска адреса со која е регистриран во системот, на следнава електронска адреса: stefan@pmf.ukim.mk

**Кратко упатство**:

Во полето "пријави" студентот треба да прати електронска пријава за испит за некој од запишаните предмети. Во ова поле се евидентираат сите испратени пријави од студентот за полагање на одредени предмети. Пријавувањето на предметите за полагање е овозможено само во период означен од одделението за студентски прашања. Во табела се прикажуваат сите предмети кои сте ги слушале и можете да ги пријавите. Предметите кои сакате да ги пријавите ги „чекиравте" во полето од последната колона и од паѓачкото мени со понудени професори го избирате оној кај кој сте го слушале предметот. Со кликање на копчето "пријави" одбраните предмети се пријавуваат за одбраната сесија. Подоле во табела се прикажуваат сите пријавени предмети за следниот семестар.

05.07.2024 година од деканатот,